SAVA OSIGURUVANJE

САВА осигурување, а.д. Скопје
Бр. 02-49435/1
30.12.2022 год.

**НУУС - 01/2020**

**Број: 02-49435/1 од 30.12.2022 год.**
**Датум на примена: 01.01.2023 год.**

# ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ ОД ПОСЛЕДИЦИ НА НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ (НЕЗГОДА)

## ОПШТИ ОДРЕДБИ
**Член 1**

(1) Овие Дополнителни услови за осигурување на ученици и студенти од последици на несреќен случај (незгода) (во понатамошниот текст: Дополнителни услови), се составен дел на договорот за осигурување на ученици и студенти од последици на несреќен случај, што договорувачот на осигурувањето ќе го склучи со Сава осигурување АД Скопје (во понатамошниот текст: осигурувач).

(2) Со овие Дополнителни услови се регулираат односите помеѓу договорувачот на осигурувањето и осигурувачот по договорените облици на осигурување за во случај на:

Покритие А:

- смрт од последици на несреќен случај;
- траен губиток на општата работна способност (инвалидитет) од последици на несреќен случај;
- преодна неспособност за работа (дневен надомест), и
- за влошено здравје што бара лекарска помош (трошоци за лекување).

Покритие Б:

- Здравствено осигурување на тешки болести

## СПОСОБНОСТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ
**Член 2**

(1) Покритие А

Со овие дополнителни услови се осигуруваат ученици во основни, средни и стручни училишта, студенти на виши, високи школи и факултети без оглед на здравствената состојба и без плаќање на зголемена премија во смисла на член 10 став 1 точка 4 од Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај, освен душевно болните деца кои во секој случај се исклучени од осигурувањето.

(2) Покритие Б

Осигуреници за ризиците опфатени со покритие Б можат да бидат само лицата на кои им е утврдено својство на осигуреници и осигурени лица во системот на задолжително здравствено осигурување, согласно прописите до задолжително здравствено осигурување.

Ова покритие се однесува на лица од наполнети 18 години до наполнети 65 години живот.

(3) Покритие Б може да се склучи исклучиво како дополнување на ризиците од Покритие А.

## ПОЧЕТОК И ТРАЕЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО
**Член 3**

(1) Обврската на осигурувачот за секој одделен ученик, односно студент започнува во 00,00 часот во оној ден кога ја уплатил премијата (по уписната листа), но не порано од 00,00 часот оној ден кој е службено одреден за почеток на новата учебна година.

(2) Обврската на осигурувачот престанува во 24,00 часот оној ден кога осигуреникот престанал да биде ученик, односно студент (завршување на училиштето, дипломирање, напуштање на школувањето и т.н.).

(3) Обврската по осигурувањето од изминатата година трае до оној ден кога осигуреникот платил премија за осигурување за тековната учебна година. Ако осигуреникот од изминатата учебна година не плати премија за осигурување за тековната учебна година, обврската на осигурувачот престанува најдоцна во 24,00 часот на шеесетиот ден по службениот почеток на учебната година во соодветното училиште. Одредбите на овој став важат и во случај, ако осигуреникот од изминатата учебна година преминал во друго училиште од ист или поголем степен.

(4) Покритие Б. При прв прием во осигурување осигурителното покритие започнува по истекот на 3 месеци од датумот на започнување на полисата.

При обнова на осигурувањето без прекин во осигурување каренца не се применува. При обнова на осигурувањето со прекин во осигурување, каренца се применува согласно првиот став од оваа точка.

## ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ТЕШКИ БОЛЕСТИ
**Член 4**

(1) Осигурана опасност според овие услови е поставување на прва дијагноза за една од следните тешки болести:

1) Рак. Ракот е присуство на неконтролиран раст и ширење на малигни клетки и нивна инвазија на ткивата. Во случај на Рак мора да се направи хистологија на малигниот раст и медицински да биде докажана инвазијата на ткивата. Под рак во смисла на овие услови се подразбираат само оние форми на рак кои што бараат лекување во форма на операција, радиотерапија илихемотерапија.
   Дијагнозата мора да биде потврдена со хистопатолошки наоди.
   Под поимот Рак во смисла на овие услови се подразбира и Леукемија, лимфоми слични на рак и Hodgkin-ова болест.
   Под поимот Рак во смисла на овие услови се подразбираат и Малигни меланоми во случај кога туморот е поголем или еднаков на pT2 по меѓународната TNM класификација, односно Clark ниво III односно Breslow поголем од 0,75mm вертикална дебелина.
2) Срцев удар. Срцев удар е одумирање на срцевиот мускул што настанало како последица на ненадеен прекин на снабдување со крв на ткивата од овој дел на срцето. Дијагнозата треба да биде потврдена од лекар специјалист Кардиолог и дијагнозата треба да се заснова на:
   - историјата на типична болка вградите;
   - свежите промени на EKG типични за акутен миокарден инфаркт, патолошки Q бранови како знак дека е веќе преболен удар, и
   - зголемување на нивото на срцеви ензими во крвта

(CK- MB, AST, LDH).

3) Мозочен удар. Мозочен удар во смисла на овие услови значи цереброваскуларно пореметување кое резултира со неуролошки дефицит, кој е последица на одумирање на дел од мозочното ткиво поради недоволно снабдување со крв или поради крварење. Мозочниот удар во смисла на овие услови е осигурана опасност само во случај кога се исполнети следните услови:
- неуролошкиот дефицит настапува како последица на мозочен удар;
- неуролошкиот дефицит мора да трае без прекин најмалку 60 дена од денот на поставување на дијагноза
- постоењето на клиничката дијагноза за мозочен удар мора да биде поткрепено со CT, MRI или други снимки кои го докажуваат постоењето на мозочен удар.

(2) Неосигурана опасност во смисла на овие услови односно под поимот Рак во смисла на овие услови не сеподразбира:

1) бенигни или предкарциномни тумори;
2) пред-инвазивни тумори и тумори in situ;
3) цервикални дисплазии CINI-III;
4) карцином на мочен меур стадиум Та по меѓународната TNM класификација;
5) рак на простата, хистолошки дијагностициран како Т1 по меѓународната TNM класификација;
6) папиларен и фоликуларен карцином на штитна жлезда, хистолошки дијагностициран како Т1а по меѓународната TNM класификација;
7) било кој кожен тумор кој не спаѓа под класификацијата наведен во став 1 точка 1) од овој член;
8) било кој тумор во случај на присуство на HIV инфекција или AIDS.

## ОСИГУРЕНА СУМА
## Член 5

(1) Осигурената сума наведена во полисата е најголем износ до кој осигурувачот е во обврска за секој одделен осигуреник.

## ОБЕМ НА ОБВРСКИТЕ НА ОСИГУРУВАЧОТ
## Член 6

(1) Кога ќе настане несреќен случај, во смисла на овие Дополнителни услови, осигурувачот ги исплатува осигурените суми кои се договорени во договорот за осигурување.
(2) Обврската на осигурувачот за исплатите по претходниот став, постои и кога несреќниот случај настанал во текот на траењето на осигурувањето и тоа во секојдневниот редовен живот на осигуреникот (дома, надвор, во училиште, на пат, на игралиште, на излети, екскурзии, летувања и т.н.).
(3) Ако настапи смрт на осигуреникот помлад од 14 години, осигурувачот е во обврска да ја исплати за трошоци за погреб договорената осигурена сума за случај на смрт, но најмногу до износот кој како максимален е утврден со Одлука на Одборот на директори на осигурувачот.

## ОСИГУРАН СЛУЧАЈ
## Член 7

(1) Покритие А
Настанувањето на осигуран случај се одредува согласно Општите услови за осигурување од несреќен случај (незгода)
(2) Покритие Б.
Според овие услови за осигурување се смета дека настана осигуран случај во рамките на времетраењето на осигурувањето и тоа денот на поставување на првата дијагноза за една од болестите наведени во член 7 од овие услови за осигурување и доколку осигуреникот од денот на поставување на првата дијагноза преживее најмалку 28 дена.
(3) Договорот за осигурување е ништовен доколку во моментот на негово случување веќе настанал осигураниот случај или бил во настанување или ако тогаш престанала можноста да настане.

## ИСКЛУЧУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ НА ОСИГУРУВАЧОТ
## Член 8

(1)Покритие А. Исклучоците за овие осигурани ризици се согласно Општите услови за осигурување од несреќен случај (незгода)
(2) Покритие Б. Осигурувачот не е во обврска на осигуреникот да му ја исплати сумата на осигурување доколку дијагнозата за тешки болести, дефинирани во член 7 од овие услови е индиректна или директна последица на здравствената состојба кој што ја имал осигуреникот пред склучувањето на договорот на осигурување, кога осигуреникот знаел дека има таква болест, се лекувал или пак имал намера да се лекува, или за таа болест се посоветувал со обучен медицински персонал или ако лабораториските резултати или испитувања, извршени пред склучување на осигурувањето, укажувале на постоење на една од течките болести дефинирани во член 7 од овие услови.

## ТЕРИТОРИЈАЛНА ВАЖНОСТ НА ОСИГУРУВАЊЕТО
## Член 9

**(1) Покритие А.** Согласно Општите услови за осигурување на несреќен случај (незгода)
**(2) Покритие Б.** Осигурителното покритие за Покритие Б важи на територија на Република Северна Македонија.

## НАДОМЕСТ НА ШТЕТА
## Член 10

(1) Надоместот на штета за Покритие А е согласно одредбите од Општите услови за осигурување од несреќен случај (незгода).
(2) Покритие Б.
Осигурувачот му ја исплатува на осигуреникот осигураната сума најмногу еднаш во текот на траењето на осигурувањето.
Осигурувачот го исплатува надоместот на штета врз основа на:
1) пополнет образец за пријава на штета
2) здравствена документација по потреба поткрепена со редиолошки, хистолошки, лабораториски, сликовни или други докази за настапување на болеста и друга здравствена документација која што се однесува на здравствената состојба на осигуреникот пред склучување и по склучување на осигурувањето.
3) по потреба пополнета потврда од лекар за утврдување на тешка болест на образецот на осигурувачот
4) осигурувачот има право на постапка на решавање на осигурениот случај на свој трошок да го испрати осигуреникот на преглед кај медицински вешти лица кои што самиот ќе ги определи.
5) доколку осигуреникот почине пред исплата на надомест на штета, а после утврден осигуран случај, правата од осигурувањето според овие услови им припаѓаат на законските наследници.

SAVA OSIGURUVANJE

## ВАЖНОСТ НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ

**Член 11**

(1) На осигурувањата склучени по овие Дополнителни услови се применуваат и Општите услови за осигурување лица од последици на несреќен случај (незгода), доколку не се во спротивност со овие Дополнителни услови.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 12**

(1) Овие Дополнителни услови влегуваат во сила со денот на донесувањето, а ќе се применуваат од 01.01.2023 година, со што престануваат да важат Дополнителните услови за осигурување на ученици и студенти од последици на несреќен случај (незгода) бр. 32727/7 од 17.12.2020 год. со датум на примена од 01.01.2021 година.

***САВА осигурување, а.д. Скопје***
***Одбор на директори***
***Претседател***
***Рок Мољк***